Funded by the European Union

Јакнење на системите за управување со нерегуларната миграција и борба против организираниот криминал во Северна Македонија



Duration: 01.04.2025 - 31.03.2029

Countries:
North Macedonia

EU contribution: € 14 000 000

Total budget: € 14 000 000

Implementer:
INTERNATIONAL ORGANIZATION FOR MIGRATION (IOM)

Project description:

Проектот „Јакнење на системите за управување со нерегуларната миграција и борба против организираниот криминал во Северна Македонија“ е развиен со цел да одговори на приоритетните потреби на земјата во областа на управувањето со миграцијата, земајќи го предвид тековниот контекст и идентификуваните предизвици. Тој директно придонесува кон исполнување на целите утврдени во Акционот документ „Јакнење на системите за управување со нерегуларната миграција и борба против организираниот криминал во Западен Балкан за 2024 година“, со цел да се продлабочат капацитетите за управување со границите и миграцијата, како и за да се одговори посилно на транснационалниот организиран криминал.

Надградувајќи ги претходните иницијативи финансирани од Европската Унија во областа на управувањето со миграцијата, овој проект ќе продолжи да ја поддржува работата на Владата за ефикасно управување со миграцијата и заштита на ранливите категории. Тој дополнително ќе придонесе кон зајакнување на граничните системи и системите за миграција во земјата, во согласност со Комуникацијата за проширување на Европската Унија за 2024 година, Акцискиот план на ЕУ за Западен Балкан и Програмскиот рамковен документ на ИПА III.

Главните владини чинители ги вклучуваат Министерството за внатрешни работи и неговите надлежни организациски единици за управување со границите; Министерството за социјална политика, демографија и млади и неговите поврзани служби; како и Министерството за здравство, заедно со неговите надлежни институции.

Expected results:

• Зголемена способност на институциите за управување со границите и миграцијата за контрола на границите и спречување на криумчарење мигранти, трговија со луѓе и други форми на транснационален организиран криминал, во целост да ги почитуваат владеењето на правото и основните права.
• Зајакнати системи за заштита и упатување на лицата во движење, како и унапредени механизми за санкционирање на криумчарите, во согласност со стандардите на Европската Унија и меѓународните стандарди.
• Обезбедена соодветна заштита и помош за мигрантите кои имаат потреба од тоа, вклучително ранливи категории и деца без придружба.